# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 14 | 17.11.2008 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk

**С о д р ж и н а**


| **Совет на општина Струмица:** | | Стр. | | | Стр. |
|---|---|---|---|---|---|
| **135.** | **Програма** за чистење и одржување на улиците и локалните патишта во општина Струмица за 2008/2009 година во зимски услови...................................... | 2 | **137.** | **Заклучок** за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Струмица за третиот квартал од 2008 година…………………………… | 7 |
| **136.** | **План** на програмите за развој……..…… | 7 | **138.** | **Квартален** извештај за извршување на Буџетот на општина Струмица за третиот квартал од 2008 година……… | 8 |


---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за чистење и одржување на улиците и локалните патишта во општина Струмица за 2008/2009 година во зимски услови

1. Се објавува Програмата за чистење и одржување на улиците и локалните патишта во општина Струмица за 2008/2009 година во зимски услови, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 14.11.2008 година.

Број 08-5853/2 Градоначалник
17.11.2008 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.......................................................

**135.**

Врз основа на член 12 од Законот за јавната чистота („Сл. весник на РМ“број 111/08) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Сл. гласник на општина Струмица“) Советот на општина Струмица, на

седницата одржана на 14.11.2008 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за чистење и одржување на улиците и локалните патишта во Општина Струмица за 2008/2009 година во зимски услови**

**1. Општ дел**

Согласно член 1, 2 и 12 од Законот за јавна чистота („Сл. весник на РМ“ бр. 111/08), Општината секоја година донесува Програма за чистење и одржување на улиците и ликалните патишта во зимски услови.

Со Програма се предвидува: видот и обемот на работите што треба да се извршат, финансиските средства, временските рокови за извршување на работите, динамиката и начинот на чистењето и одржувањето на улиците во град Струмица, како и локалните патишта во општина Струмица, опфатени со градежните опфати na урбанистичките планови, во зимски услови во сезоната 2008/2009 година.

Програмата има за цел да предвиди активности за ефикасно организирање и функционирање на сите правни и физички лица за чистење и одржување на улиците и локалните патишта во општина Струмица во зимски услови , преку:

- определување на видот и обемот на работите, временските рокови за извршување на работата, динамиката и нивото на чистење на снегот и голомразиците од коловозните површини;
- дефинирање на работите и обврските за сите учесници за нејзина реализација; и
- определување на потребните финансиски средства.

**2. Организациона поставеност на учесниците**

Преку организационата поставеност ќе бидат дефинирани работите и задолженијата на директните учесници вклучени во реализацијата на оваа Програма.

**2.1. Сектор за урбанизам и комунални работи при општина Струмица**

- ја изготвува Програмата;
- ја организира зимската служба;
- врши стручен надзор во извршувањето на Програмата;
- го известува Градоначалникот на Општината и Дирекцијата за заштита и спасување да ја вклучи механизацијата на градежната оператива кога ЈПКД “Комуналец“ не е во состојба да одговори на задачите на Програмата;
- преку средствата за јавно информирање, информира за обврските на зимските служби и обврските на учесниците.

**2.2.ЈПКД “Комуналец“ Струмица**

- ја реализира Програмата за функционирање на зимската служба;
- организира редовна приправност со потребна опрема: алат, резервни делови и стручен кадар за обезбедување исправност на сопствената механизација за дејствување во зимски услови;
- одговорните работници на дежурството вршат потребни контакти со сите одговорни субјекти, ја спроведуваат Програмата и даваат потребни информации на надлежните субјекти и граѓани;
- Општина Струмица набавува, а ЈПКД “Комуналец“ обезбедува чување и складирање како и растурање на сол и песок и други материјали;
- ги подготвува возилата и машините и друга потребна механизација и ја доведува во исправна состојба за дејствување во зимски услови:
- со специјални машини, опрема и работна рака врши посипување на индустриска сол за отстранување на голомразнатицата од коловозните површини;
- ја оспособува атмосферската канализација - шахти и сливници за прифаќање на вишокот од води при топење на снегот;
- води целосна документација за зимската служба;
- доставува распоред на лица за приправност со податоци за работната рака и механизацијата секој месец однапред;
- врши редовно тековно одржување на возилата и опремата;
- обезбедува потребни резервни делови за поправка на механизацијата.

**2.3. Други учесници**

**2.3.1. Градежна оператива**

Механизацијата на градежните претпријатија ги ангажира општина Струмица. Механизацијата на градежните претпријатија ја сочинуваат: 1 грејдер; 7 утоварачи; 1 камиони со плуг, 1 трактор со плуг и 13 кипери.

По потреба ќе се ангажираат и други машини. Расчистувањето со оваа механизација ќе се врши според плановите - шемите за расчистување на сообраќајниците во градот и локалните патишта.

Целокупната документација за учество на градежната оператива ја води Секторот за урбанизам и комунални работи при општина Струмица - Одделението за комунални работи преку задолжените лица и

тоа за пристуство на механизацијата, времето на вклучување, реализираниот број на работни часови и квалитетот на извршените задачи.

Во зимската служба покрај ЈПКД "Комуналец" при пообемни врнежи на повик на Дирекцијата за заштита и спасување се ангажираат следните градежни претпријатија:

- АДИНГ "Градба" со еден грејдер за локални патишта;

- ГП "Бетон" со еден утоварач и еден кипер за градот;

- АДГ "Пелагонија" со два кипера за градот и 1 утоварач;

- АДГ "Жикол" Струмица со 1 утоварач и 1 кипер;

- ДГУТ "Габро - Томе Тренчев" Струмица со 1 утоварач и 1 кипер;

- ДТТПУ " Кипо " Струмица со 1 утоварач и 1 кипер;

- ДТУП "Џови – Компани" со 1 Фап - МАЗ и 1 утоварач; и

- ДГПТУ „Клико – Градба" Куклиш со утоварач 1 камион – кипер 1 број

**2.3.2. СВР - Сообраќајна полиција** при Одделението за безбедност, го контролира и регулира сообраќајот во новонастанатата состојба на сообраќајниците и секогаш ќе биде во непосредна врска со сите задолжени субјекти за поефикасно оспособување на сообраќајниците.

**2.3.3. ЈПКД "Комуналец" – единици "Чистота" и "Градско заленило"**

- покрај своите редовни активности врши расчистување на снег на пристапите до контејнерите и околу нив;

- ги расчистува пешачките зони и тротоарите во централното градско подрачје;

- врши сечење и отстранување на паднати дрвја и гранки од коловозите и тротоарите;

- го расчистува снегот од поважните стази во гробиштата и пред капелата;

-контрола врз работата на ЈПКД "Комуналец"- "Чистота" врши Испекторатот-Сектор за испекцијски работи при општина Струмица.

2.3.4. ЈПКД "Комуналец"- единица - „Канализација со изградба" :

- ја оспособува атмосферската канализација и сливниците за прием на поголеми количини на вода во зимски услови и со цистерни ја отстранува водата во случај на избивање на канализација во куќи;

- контрола врз работата на "Комуналец"- Водовод и канализација врши Оделението за инспекциски работи при Општина Струмица .

**2.3.5. "Електро-Струмица"** ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните електроинсталации и објекти.

**2.3.6. Македонски телекомуникации** ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните ТТ уреди, инсталации и телефонски говорници.

**2.3.7. Претрпијатијата и заедниците** чии објекти и простории се користат од страна на граѓаните (пазаришта, бензински пумпи, паркиралишта и слично) преземаат брзи и ефикасни мерки за отстранување на снегот и голомразицата од овие објекти и простории пред нов.

**2.3.8. Претпријатијата, училиштата, заедниците и граѓаните** - сопственици, односно корисници на деловни згради и деловни простории (стоковни куќи, дуќани, продавници и слични објекти) преземаат мерки за чистење на снегот и голомразицата пред своите објекти.

**2.3.9. Граѓаните**, **односно сопствениците, станарите и закупувачите на станбените објекти** го чистат снегот и голомразицата од тротоарите - патеките и приодните места пред своите станбени објекти.

Исто така граѓаните го чистат снегот од покривите и терасите, при што се води сметка за безбедноста на минувачите, надворешните инсталации и сообраќајот. Исчистениот снег се собира пред зградата на начин што ќе обезбеди непречеен сообраќај.

**1. Обем на одржување**

Обемот на одржување на улиците во градот зависи од:

- густината на населеноста на делови од градот;

- фреквенцијата на луѓе и моторни возила;

- видот и бројот на инфраструктурните објекти.

Коловозните површини за оспособување на ниво на градот се 30.150 км и нивното расчистување се одвива по приоритетна листа.

## ПРИОРИТЕТНА ЛИСТА ЗА ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЦИТЕ ВО ГРАДОТ И ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА ВО ОПШТИНА СТРУМИЦА

За нормално одвивање на сообраќајот на улиците во град Струмица во зимски услови

при врнежи на снег и голомразица неопходно е зимско одржување.

Одржувањето се состои од машинско чистење на снегот од коловозот на улиците, прскање со сол по отстранувањето на снегот и рачно чистење на делници со отварање на ленти за истек на водата во сливниците од атмосферската канализација.

Според важноста на улиците, интензитетот на сообраќајот и местоположбата на истите се поделени во 4 приоритетни групи на одржување.

## I. Приоритет

Во I-ва приоритетна група спаѓаат сите приодно-влезни улици во градот, централните улици со голем интензитет на сообраќајот и улици кои го поврзуваат административниот центар и тоа: Секретарјат за внатрешни работи, амбулатно-поликлиничките установи и автобуската станица.

Тие улици претставуваат костур на главните улици во градот со можност за влез и излез на секое надворешно возило, пристап до административниот центар и интервенција на органот за регулирање на сообраќајот во градот и Општината.

Тоа се булеварите и улиците:

1.Ул.“Ленинова“................... 2 х 1200 = 2.400 м
2.Бул.“Маршал Тито“.............2 х 400 = 800 м
3.ул.“Гоце Делчев“ ............ . 2 х 600 = 1.200 м
4.ул.“Балканска“..........................................500 м
5.ул.“Маршал Тито“............................... 3.250 м
6.ул.“Дим.Влахов“................................. 250 м
7.ул.“Младинска“................................... 2.250 м
8.ул.“’Братство Единство“...................... 700 м
9.ул.“Панче Пешев“................................ 750 м
10.ул.“Сандо Масев“.................................. 200 м
11.ул.“Невена Стојкова“.................... .... 230 м
12.ул.“Вера Циривири-Трена“ ................ 300 м
13.ул.“Стив Наумов“.............................. 700 м
14.ул.“Дрварска“................................... 300 м
15.ул.“24-ти Октомври“............................ 300 м
16.ул.“Гоце Делчев“.................................. 200 м
17.ул.“5-ти Ноември“............................... 600 м
18.“Елка Јанкова“..........................................350 м
19.“Спиро Захов“ - од ул. “М.Тито“ до Одделенито за неврологија и психијатрија.......................................... 300 м
20.“Ѓорги Василев“.................................. 300 м
21.“Благој Мучето“(рачно чистење) ......... 350 м
22.ул.“Кирил и Методи“ ........................... 600 м
23.ул. “Моша Пијаде“ од пресекот на ул. “Невена Стојкова“ до пресекот со ул. “Ванчо Китанов“............................... 200 м

**Вкупно: 17.030 м**

Во првата проритетна група на одржување спаѓаат и локалните патишта:

Локални патни правци: Струмица - Просениково, Струмица - Гр. Балдовци, Струмица - Добрејци, во вкупна должина од 12,5 км. како и Муртино - гробишта - Муртино, Муртино - Сачево, Сачево до Магистрален пат во вкупна должина од 5 км.

Улица во Банско од раскрсницата со регионален пат Р-608 покрај Заводот за рехабилитација, до објектот на Шумското стопанство во должина од 2.000 м. Локален пат Костурино -Дорломбос во должина од 9 км.,крак до Мемешли во должина од 2 км. Улица во Раборци до регионален пат во должина од 400 м. Локален пат – улица во Габрово од регионален пат Р-605 до училиштето во должина од 500 м.

Куклиш: од регионалниот пат до Основното училиште и од регионалниот пат до црквата.

За одржување на локалните патишта и улици во населените места, каде ЈПКД “Комуналец“ не може да интервенира, Секторот за урбанизам и комунални работи при општина Струмица, ангажира некои од градежните оперативи што имаат можност тоа да го реализираат.

## II. Приоритет

Во II-приоритет на улици за зимско одржување спаѓаат улиците со посебен интензитет на сообраќај. Тие ги поврзуваат улиците од првиот приоритет или даваат можност за побрз влез и излез на сообраќајот од поодделни реони на градот.

Со расчистување на улиците од првиот и вториот приоритет, сообраќајот во градот може несметано да се одвива во сите правци и во сите реони на градот. Такви улици во градот се:

1.Ул.“22 Декември“.................................300 м
2.Ул.“Никола Тесла“.............................. 250 м
3.ул.“11 Октомври“................................600 м
4.ул. “Ѓуро Салај“...................................700 м
5.ул“Моша Пијаде“ ................................400 м
6.Ул“Герас Цунев“.................................350 м
7.ул.“Ѓуро Ѓаковиќ“.............................. 600 м
8.ул.“Дојранска“.....................................200 м
9. ул. “15-ти Мај“.....................................200 м
10.ул.“Кр.Република“............................ 2000 м
11. ул.“Ристоман Попчевски“................. 400 м
12. ул. “Дим.Цветинов“........................... 270 м
13. ул. “Боро Џони“................................ 200 м
14. ул. “Браќа Миладинови“.................... 700 м
15. ул. “Ристо Ќурчиев“........................... 250 м
16.ул.“Ценка Павлова“......................... 150 м
17.ул.“Ката Поцкова“........................... 550 м

18.ул.“1-ви Мај“........................................ 370 м
19.ул.“Бетовенова“................................... 500 м

**Вкупно: .................................. 8.990 м**

Улици во населени места:

- Муртино:

Манушева Маала, Банскoлиева Маала, Грозданова Маала и од Поштата до чешмата во Чифликот.

- Габрово:

Главната улица што води кон црквата.

- Свидовица:

Од Регионалниот пат до центарот на Свидовица.

III. **Приоритет**

Во овој приоритет спаѓаат улиците со помал интензитет на сообраќај. Се работи за собирни улици на блоковите. Покрај нив нема некои поважни објекти од административен, здравствен или јавен карактер.

Такви улици се:

1.ул.“Ванчо Китанов“................................ 500 м
2.ул.“Орце Николов“................................ 200 м
3.ул.“Васил Сурчев“...................................400 м
4.ул.“4-ти Јули“..........................................200 м
5.ул.“Жртви на фашизмот“....................... 320 м
6. ул“Јанко Цветинов“................................400 м
7. ул“Киро Минанов“..................................100 м
8. ул“Иљо Шопов“.......................................600 м
9. ул“Борис Поп-Димитров“..................... 400 м
10. ул.“Широк Дол“.................................... 300 м
11.ул.“Киро Абрашев“................................ 600 м
12.ул.“Пиринска“..........................................260 м
13. ул.“Дебарска“.........................................150 м

**Вкупно: ....................................... 4.430 м**

**IV. Приотитет**

Во овој приоритет спаѓаат сите останати улици во градот по кои се одвива мошне слаб сообраќај и претставуваат кракови и џебови на улици од предходните три приоритети или пак сеуште не се асфалтирани или отворени па не е можна некоја поефикасна интервенција за одвивање на сообраќајот во зимски услови.

**V. Динамика и ниво на одржување**

Оспособувањето на коловозите се врши во зависност од временските услови и тоа:

- состојбата на присуство на голомразици или снежни врнежи до 20 см (прва состојба на готовност);
- состојба на голомразица и снежни врнежи над 20 см (втора состојба на готовност).

Оспособувањето, (расчистувањето) на коловозните површини во првата состојба на готовност го врши ЈПКД “Комуналец“, а во втората состојба на готовност ЈПКД “Комуналец“ со градежната оператива согласно договорените обврски.

Во првата состојба на готовност ЈПКД “Комуналец“ со својата ангажирана механизација, работна сила и абразивни средства, врши оспособување на коловозните површини за сообраќај и тоа првенствено на сообраќајниците од првата приоритетна листа. Градежната оператива го расчистува делот од околните патишта до населените места од општина Струмица.

Согласно член 22 од Законот за јавна чистота сообраќајниците од прв приоритет ќе бидат оспособени за функционирање на сообраќајот во зимски услови за 6 (шест) часа, сметано од моментот на почнување на снежните врнежи. При тоа, булеварите ќе бидат оспособени за сообраќај и на двете коловозни линии.

Во зимски услови при снежни врнежи сите сопственици, односно корисници на објекти се должни веднаш да започнат со чистење на снегот на отворените простори пред јавните објекти, со што ќе се обезбеди непречен пристап до објектите.

Во втората состојба на готовност ЈПКД “Комуналец“ заедно со градежните оперативи врши оспособување на коловозните површини од првата приоритетна група, а потоа продолжува со другите две приоритетни листи и тоа прво ќе се расчистат сообраќајниците од првата приоритетна листа до населените места, а потоа ќе се продолжи со улиците од втората и третата приоритетна листа.

**Механизација, опрема, материјали и работна сила:**
**ЈПКД “КОМУНАЛЕЦ“ СТРУМИЦА**

***I. Прва состојба на готовност:***

- Механизација и опрема:

1.ФАП - 13 со плуг ССР - 18 “Рико”.......1 број
2.Трактор со распрскувач на сол ... .... 2 броја
3.Утоварач ИЦБ ............................... .. 2 броја
4.Траткор со приколка ........................ 1 број
5.ФАП - 13 без плуг ............................ 1 број
6. Трактор со плуг.................................1 број

- Работна рака:

1. Возачи ........................................ 7
2. Работници за опслужување ........5

**II. Втора состојба на готовност:**

**А) Механизација и оператива од :**

**- ЈПКД “КОМУНАЛЕЦ“ СТРУМИЦА:**

1. ФАП-13 со плуг ССР - 28 Рико”....1 број
2. Трактор со распрскувач на сол... 2 броја
3. Утоварач ИЦБ ........................... ..2 броја

4. Трактор со приколка .................. 1 број
5. ФАП - 13 без плуг ..........................1 број
6. Трсктор со плуг за снег ............... 1 број

**АДИНГ "ГРАДБА":**
1.Грејдер ........................................ 1 број

**ГП "БЕТОН":**
1.Утоварач.................................... 1 број
2.Камион кипер ........................ .... 1 број

**ГП "ПЕЛАГОНИЈА"**
1.Кипери .................................... 2 броја
2.Утоварач...................................... 1 број

**ДГТ "ЖИКОЛ"**
1.Утоварач...................................... 1 број
2.Кипер............................................ 1 број

**ДГУТ "ГАБРО- Томе Тремчев ":**
1.Утоварач.......................................1 број
2.Кипер............................................ 1 број

**ДТТПУ " КИПО"**
1.Кипер............................................1 број
2.Утоварач...................................... 1 број

**ДТУП "ЏОВИ – КОМПАНИ"**
1.Багери ....................................... 2 броја
2.Утоварач ................................... 1 број
3.Кипери ..................................... 2 броја

**ДГПТУ „КЛИКО – ГРАДБА" КУКЛИШ**
1.Утоварач.................................... 1 број
2.Камион – кипер.......................... 1 број

***Б) Работна рака:***

Работната рака ангажирана од ЈПКД "Комуналец" Струмица:
- раководител ...................................... 1 работник
- раководител на смена ........................1 работник
- работници за припрема на сол …...3 работника
- Возачи ............................................. 7 работника
- Работници за опслужување .............5 работника

Работната рака за механизација на градежните фирми ја обезбедуваат агажираните градежни фирми.

**VI. Локациии за депонирање на снег:**

За градот Струмица и населените места: Добрејци, Просениково и Дабиле - коритото на реката „Струмица" и тоа:
1. Покрај мостот на патот Струмица - Просениково; и
2. Покај мостот на патот Дабиле – Петралинци

За другите населени места:

Времените депонии и други пригодни локации определени во соработка со месната самоуправа, во и покрај населените места.

**VII. Финансиски средства потребни за подготовка и реализација на зимската служба**

Финансирањето на активностите предвидени со оваа Програма ќе се вршат од средствата предвидени во Буџетот на општина Струмица.

За реализацијана оваа Програма потребно е да се обезбедат 800.000 денари и тоа:
- За набавка на индустриска сол пакувана во вреки: ........................ 240.000 ден.
- Средства за ангажирање механизација и работна рака: .........560.000 ден.

**VIII. Извршување на Програмата и надзор**

Активностите за чистење и одржување на улиците и локалните патишта во зимски услови ги реализира ЈПКД "Комуналец" Струмица и градежни оперативи врз основа на Оперативниот план направен од Секторот за урбанизам и комунални работи - Одделение за комунални работи при општина Струмица со Дирекцијата за заштита и спасување.

За одржување на локалните патишта во зимски услови Општината склучува договори со градежната оперативата оспособена за одржување на локални патишта.

Надзор врз извршувањето на ова Програма врши Одделението за комунални работи и Испекторатот- Сектор за инспекциски работи при општина Струмица

IX. Оваа Програма влегува во сила по објавувањето во „Сл. гласник на општина Струмица".

Број 07-5853/1 Совет на општина Струмица
14.11.2008 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

………………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Планот за програмите за развој

1. Се објавува Планот за програмите за развој, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 14.11.2008 година.

Број 08-5852/2 Градоначалник
17.11.2008 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

....................................

**136.**

Врз основа на член 21 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите ("Сл. весник на РМ" број 4/08) и член 20 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 14.11.2008 година, донесе

**П л а н**
**за програмите за развој**

1. Се одобрува Планот за програмите за развој кој претставува среднорочен приказ на програми кои се наменети за развојни инвестиции за периодот од 2009 до 2011 година.

2. Планот на програмите за развој е преглед на среднорочните проекции на одобрени средства во општина Струмица, по одделни буџетски програми и потпрограми , како и годините во кои истите ќе се реализираат и изворите за нивно финансирање, како во приложените табели.

3. Планот влегува во сила со денот на донесувањето и истиот станува составен дел на Буџетот на општина Струмица за 2009 година.

Број 07-5852/1 Совет на општина Струмица
14.11.2008 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

..................................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Струмица за третиот квартал од 2008 година

1. Се објавува заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Струмица за третиот квартал од 2008 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 14.11.2008 година.

Бр. 08-5851/2 Градоначалник
17.11.2008 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………………………………..

**137.**

Врз основа на член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 61/04) и член 20 став 1 точка 4 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 14.11.2008 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Струмица за третиот квартал од 2008 година**

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Струмица за третиот квартал од 2008 година.

2. Составен дел на овој Заклчок е Карталниот извештај составен од образец К1 и образец К2.

3. Овој Заклучок влегува во сила по обајвувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-5851/1 Совет на општина Струмица
14.11.2008 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

...................................

## Квартален извештај за извршување на буџетот на општина Струмица за период : 01.01.2008 - 30.09.2008

| Збирни приходи и расходи | Буџет | | Наменски дотации | | Самофинансирачки активности | | Донации | | Кредити | | Вкупно | | Останува за реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | |
| **ТЕКОВНО ОПЕРАТИВЕН БИЛАНС :** | | | | | | | | | | | | | |
| ВКУПНИ ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ | 245.958.870 | 99 537 371 | 348.569.862 | 255.319 327 | 50 372.800 | 24.811 616 | 1 521.000 | 1 330.461 | 0 | 0 | 646 422.532 | 380.998.774 | 265.423.758 |
| ВКУПНИ ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | 130.615.442 | 73.007.634 | 349.350.992 | 230.281 838 | 48 065.280 | 23 212 174 | 10.908 673 | 4 021.642 | 0 | 0 | 538 940.387 | 330.533.287 | 208.407.101 |
| **КАПИТАЛЕН БИЛАНС :** | | | | | | | | | | | | | |
| ВКУПНИ КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ | 67 908 631 | 40.456.463 | 781.130 | 781 130 | 15.000 | 4 667.640 | 37.579 567 | 14.973 462 | 0 | 0 | 106 284 328 | 60,878.695 | 45.405 634 |
| ВКУПНИ КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 183.252.059 | 45 796 354 | 0 | 0 | 2.322.520 | 689.437 | 28.191 894 | 10.402 483 | 0 | 0 | 213 766.473 | 56.888.274 | 156.878 199 |
| ВКУПНИ ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ | 245 958.870 | 99 537 371 | 348.569 862 | 255 319.327 | 50.372.800 | 24.811.616 | 1.521 000 | 1.330 461 | 0 | 0 | 646 422.532 | 380 998 774 | 265.423.758 |
| 71 Даночни приходи | 233.158.870 | 94 548 194 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 233.158.870 | 94.548.194 | 138.610.677 |
| 711 ДАНОК ОД ДОХОД,ОД ДОБИВКА И ОД КАПИТАЛНИ ДОБИВКИ | 5 000.000 | 2.933.249 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.000 000 | 2.933,249 | 2.066 751 |
| 713 ДАНОЦИ НА ИМОТ | 37.500 000 | 20 108.338 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 37 500.000 | 20 108.338 | 17 391.663 |
| 717 ДАНОЦИ НА СПЕЦИФИЧНИ УСЛУГИ | 189.158.870 | 70.863.917 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 189.158.870 | 70.863.917 | 118.294.954 |
| 718 ТАКСИ ЗА КОРИСТЕЊЕ ИЛИ ДОЗВОЛИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ | 1.500.000 | 642.691 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.500.000 | 642.691 | 857.310 |
| 72 Неданочни приходи | 12.800.000 | 4.989.177 | 0 | 0 | 50.372.800 | 24.811.616 | 1.521.000 | 1.330.461 | 0 | 0 | 64.693.800 | 31.131.254 | 33.562.547 |
| 722 ТАКСИ И НАДОМЕСТОЦИ | 3.000.000 | 2.254.867 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.000.000 | 2.254.867 | 745.133 |
| 723 АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ И НАДОМЕСТОЦИ | 2.000.000 | 961.753 | 0 | 0 | 48.152.800 | 24.766.561 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.152.800 | 25.728.313 | 24.424.487 |
| 724 ДРУГИ ВЛАДИНИ УСЛУГИ | 800.000 | 302 780 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 800.000 | 302.780 | 497.221 |
| 725 ДРУГИ НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 7.000.000 | 1.469.778 | 0 | 0 | 2.220.000 | 45.055 | 1.521.000 | 1.330.461 | 0 | 0 | 10.741.000 | 2.845.294 | 7.895.706 |
| 74 Трансвери и донации | 0 | 0 | 348.569 862 | 255 319.327 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 348.569.862 | 256.319.327 | 93 250.535 |
| 741 ТРАНСФЕРИ ОД ДРУГИ НИВОА НА ВЛАСТ | 0 | 0 | 348.569.862 | 255.319.327 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 348.569.862 | 256.319.327 | 93.250.535 |
| ВКУПНИ КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ | 67.908.631 | 40.456.463 | 781.130 | 781.130 | 15.000 | 4.667.640 | 37.579.567 | 14.973.462 | 0 | 0 | 106.284.328 | 60.878.695 | 45.405.634 |
| 73 КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ | 15.550 000 | 235 082 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.550.000 | 235.082 | 15 314.919 |
| 731 ПРОДАЖБА НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА | 15.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15 000.000 | 0 | 15 000.000 |
| 733 ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈИШТЕ И НЕМАТЕРИЈАЛНИ ВЛОЖУВАЊА | 550 000 | 235 082 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 550 000 | 235 082 | 314.919 |
| 74 Трансвери и донации | 52.358 631 | 40.221.381 | 781.130 | 781.130 | 15.000 | 4.667.640 | 37.579.567 | 14 973.462 | 0 | 0 | 90.734.328 | 60.643.613 | 30 090.715 |
| 741 ТРАНСФЕРИ ОД ДРУГИ НИВОА НА ВЛАСТ | 52.358.631 | 40.221.381 | 781.130 | 781.130 | 15.000 | 4.667.640 | 0 | 14.505.148 | 0 | 0 | 53.154.761 | 60.175.299 | -7.020.538 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 742 Донации од странство | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 25.384.881 | 468.314 | 0 | 0 | 25.384.881 | 468.314 | 24.916.567 |
| 743 Капитални донации | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 12.194.686 | 0 | 0 | 0 | 12.194.686 | 0 | 12.194.686 |
| ВКУПНИ ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | 130.615.442 | 73.007.634 | 349.350.992 | 230.291.838 | 48.065.280 | 23.212.174 | 10.908.673 | 4.021.642 | 0 | 0 | 538.940.387 | 330.533.287 | 208.407.101 |
| 40 Плати, наемнини и надоместоци за вработените | 55.062.617 | 28.361.628 | 283.726.603 | 198.657.950 | 325.000 | 0 | 150.000 | 52.777 | 0 | 0 | 339.264.220 | 227.072.355 | 112.191.865 |
| 401 ОСНОВНИ ПЛАТИ И НАЕМНИНИ | 39.592.986 | 20.695.836 | 198.685.001 | 138.767.193 | 227.600 | 0 | 150.000 | 52.777 | 0 | 0 | 238.655.587 | 159.515.806 | 79.139.781 |
| 402 ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТА И ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК | 15.382.888 | 7.620.386 | 84.535.808 | 59.532.187 | 96.800 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.015.496 | 67.152.573 | 32.862.923 |
| 403 Останати придонеси од плати | 86.743 | 45.406 | 505.794 | 358.570 | 600 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 593.137 | 403.976 | 189.161 |
| 41 РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ | 300.000 | 191.527 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 191.527 | 108.473 |
| 413 Тековни резерви (разновидни расходи) | 300.000 | 191.527 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 191.527 | 108.473 |
| 42 Стоки и услуги | 61.397.343 | 33.135.798 | 65.624.389 | 31.633.888 | 47.740.280 | 23.212.174 | 5.441.032 | 2.626.876 | 0 | 0 | 180.203.044 | 90.608.735 | 89.594.310 |
